*ОПШТИНА КАРПОШ*
**Одделение за поддршка и**
**организација на работата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**Број 5 Година XV**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

**СКОПЈЕ, март 2021**

ул. Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 02 3055 901, факс: 02 3055 902
www.karpos.gov.mk

***ОПШТИНА КАРПОШ***
**Одделение за поддршка и**
**организација на работата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, донесен на педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 3 март 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1672/1**
**Датум: 04.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

ул. Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 02 3055 901, факс: 02 3055 902
www.karpos.gov.mk

*ОПШТИНА КАРПОШ*
**Одделение за поддршка и**
**организација на работата на Советот**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со член 33 и член 34 од Законот за финансирање на единиците на ликалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19), Советот на Општина Карпош, на педесет и четвртата седница, одржана на 3 март 2021 година, донесе

## ГОДИШЕН
## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА

**I. Годишниот извештај на општина Карпош за 2020 година го сочинуваат**

- Предлог-Завршната сметка на општина Карпош за 2020 година
- Извештај за средствата и изворите на средствата на општина Карпош за 2020 година
- Извештај за побарувањата и обврските на општина Карпош за 2020 година
- Извештај за реализација на инвестиционите програми на општина Карпош за 2020 година
- Извештај за реализација на блок дотациите на општина Карпош за 2020 година
- Извештај од одговорниот сметководител

**II. Образложение на Годишниот извештај на Општина Карпош за 2020 година**

**Функционална поставеност на Општина Карпош**

Законски утврдените активности на Општина Карпош во текот на 2020 година беа вршени со ангажирање на Советот на Општина Карпош, Градоначалникот на Општина Карпош и на општинската администрација на Општина Карпош. Советот ги воспостави институционалните рамки за вршење на дејностите на Општина Карпош, додека нивната оперативна реализација беше остварувана од страна на градоначалникот на Општина Карпош и на соодветните организации делови (стручните служби) на општината.

**Совет**

Во текот на 2020 година Советот на општина Карпош одржа 17 седници. На седниците се расправаше за бројни прашања од надлежност на општината, и во тие рамки за прашања од надлежност на Советот.

Советот на ОпштинаКарпош донесе повеќе акти, меѓу кои повеќе одлуки, програми, правилници, одлуки за измена и дополнување на урбанистички планови и друго.

Беа донесени :

Програма за уредување на градежно земјиште и комунални работи за 2021 година

Програма Урбанистичко планирање за 2021 година;
Програма Образование за 2021 година;
Програма Социјална заштита и заштита на деца за 2021 година;
Програма Култура за 2021 година;
Програма за развој за 2021 година
Програма за спорт за 2021 година
Програма за работа на Советот за 2021 година

Исто така Советот донесе и заклучоци со кои ги усвои Програмите за работа за учебната 2020/2021 година на основните училишта и јавните детски установи кои работат на подрачјето на Општина Карпош. Во склоп на Програмите беше донесено мислење за Програмите за изведување на училишните екскурзии и други слободни акивности на основните училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година.

Во законскиот рок, Советот на Општина Карпош го усвои Годишниот извештај за 2019 година заедно со сите законски утврдени пропратни извештаи и завршната сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2019 година

Заради изменетите надлежности и начини на финансирање на општина Карпош, Советот изврши една измени и дополнувања (Ребаланс) на Буџетот на општина Карпош за 2020 година, а го донесе и Буџетот на Општина Карпош за 2021 година во законски утврдениот рок до 31.12.2020 година.

Сите активности во 2020 година (донесени правилници, одлуки и програми) Советот ги вршеше на своите седници, но и преку комисиите, како негови работни тела. Зависно од потребата одделните комисии одржаа соодветен број на седници на кои се разгледуваа сите материјали предвидени на дневен ред на седниците на Советот, во функција на подготовка на седниците на Советот на Општина Карпош.

**Градоначалник**

Во текот на 2020 година Градоначалникот на општина Карпош ги вршеше активностите што му се негова надлежност во рамките на законите и донесените одлуки на Советот. Активностите на Градоначалникот беа насочени во повеќе правци преку реализирање на активности на соодветните организациски делови (стручни служби) на Општина Карпош.

Покрај вообичаеното раководење со општина Карпош, првенствена задача на Градоначалникот беше да ги доврши отпочнатите активности од 2019 година, како и реализација на инвестициско-комуналните задачи утврдени со соодветните програми за 2020 година. Тоа значеше, голем дел од своите ангажмани и активности Градоначалникот ги посвети на расчистување на значителните проблеми кои ги засегаат граѓаните, особено во делот на урбаното живеење со изградба на утврдените капитални објекти низ цела територија на општина Карпош.



ул. Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 02 3055 901, факс: 02 3055 902
www.karpos.gov.mk

**Сектор за финансиски прашања**

Ажурното евидентирање на промените во сметководствената евиденција на општина Карпош е основна карактеристика на работењето на Секторот за финансики прашања. Во тој правец дејствуваа интензивните активности што беа спроведени во текот на претходната година за средување на сметководствената евиденција и обработка на сметководствените податоци на воспоставениот софтверски модул за сметководствена евиденција.

Во текот на 2020 година продолжи тековното евидирање на материјално-финансиското работење на општина Карпош. Се водеше сметка за утврдување и наплата на побарувањата на општина Карпош настанати по разни основи, пред се врз основа на локалните даноци и такси и надоместокот за уредување на градежно земјиште или т.н. комуналии, надоместокот за утврдување на безправен статус, закуп на деловен простор и други побарувања. Побарувањата што се потврдени дека не се спорни, се евидентирани во деловните книгите на општина Карпош. На правните и физичките лица за кои е констатирано дека не ги платиле своите обврски за комуналии, даноци или такси во претходните години, во соработка со даночната администрација

на градот Скопје, им се испратени опомени за заостанат долг, по што следеше постапка за наплата на долгот.

Ист пристап е применет и спрема обврските на општина Карпош. Сите превземени обврски (потврдени со валидна пропратна документација) се евидентирани во сметководствената евиденција. Овие обврски се со комплетирана документација и се делат на две категории. Прв дел,тековно-оперативни обврски, на кои отпаѓаат комуналните трошоци на општината и капитални обврски за отпочнати инвестиции.

Промените во сметководството на општина Карпош се евидентираа врз принципите на законитост и ажурност во работењето, на што упатуваат податоците од годишната сметка на општина Карпош за 2020 година, извршениот попис на средствата и изворите на средства со состојба 31.12.2020 година и констатациите во Извештајот на одговорниот сметководител за веродостојноста и за точноста на податоците на годишната сметка, кои се составен дел на овој извештај.

Годишната сметка на општина Карпош за 2019 година беше усвоена од страна на Советот на општина Карпош во законски утврдениот рок (најдоцна до 15.03.2020 година) и таа, исто така, во законскиот рок (најдоцна 31.03.2020 година) беше доставена до Министерството за финансии. Буџетот на општина Карпош за 2021 година беше подготвен и донесен од страна на Советот на општина Карпош во законскиот рок (најдоцна до 31.12.2020 година).

Реализацијата на Буџетот на општина Карпош за 2020 година беше следена преку Квартални извештаи за сите четири (4) квартали од 2020 година кои навремено (во законски утврдените рокови) беа доставувани и усвојувани од страна на Советот на општина Карпош и истовремено, доставувани до Министерството за финансии.

**Сектор за Јавни набавки**

Во текот на 2020 година Општина Карпош спроведе вкупно **126 постапки** за јавна набавка, согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.

24/2019“),

- Набавки од мала вредност до 10.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и до 20.000 евра во денарска противвредност за работи се спроведени вкупно **59 постапки**;
- Постапки спроведени со поедноставена отворена постапка со проценета вредност до 70.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и до 500.000 евра во денарска противвредност за работи се спроведени вкупно **62 постапки;**
- Постапки спроведени со отворена постапка со проценета вредност над 70.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 500.000 евра во денарска противвредност за работи се спроведени вкупно **5 постапки**;
- Поништени се вкупно **10 постапки**;
- Обжалени се вкупно **5 постапки**.

**Сектори - Урбанистичко планирање, Уредување на градежно земјиште и комунални работи и Инспекциски работи**

Во текот на 2020 година општина Карпош и покрај постоењето на пандемијата оствари бројни активности во доменот на урбанизмот, комуналните работи, заштита на животната средина и соодветните инспекциски работиТие се извршуваа во услови на бројни наследени но и новопојавени проблеми и ограничувачки фактори на дејствување.

Значаен дел од активностите беа насочени кон средување и анализирање на издадената техничка документација за безправно изградените објекти и нивно вклопување во Деталниот урбанистички план.

Активностите во областа на урбанизмот во текот на 2020 година главно беа насочени кон подготовка за изработка на детални урбанистички планови и измена и дополнување на истите и изработка на геодетски елаборати за посебни намени за вклопување на објекти во деталните урбанистички планови.

Во текот на годината Секторите за Урбанизам, Комунални работи извршија бројни активности поврзани со реализацијата на соодветните инвестициски програми. Тие првенствено се согледуваат во санација на ударни дупки на локални улици, асфалтирање на улици и пешачки патеки, детски и спортски игралишта, изградба на водоводна инсталација и изградба на атмосферска и фекална канализација во одделни делови на општина Карпош.

Бројни активности во текот на 2020 година имаше градежната и урбаната инспекција на општина Карпош. Заради констатираните неправилности инспекциските служби, секојдневно, вршеа проверување на потребната документација и издаваа решенија за стопирање.

Во таа насока, Секторите за Урбанизам, Комунални работи вршеа бројни активности поврзани со реализацијата на соодветните инвестициски програми, кои што претходно ги усвои Советот на општина Карпош.

**Сектор за Екологија и енергетска ефикасносат**

Секторот за заштита на животната средина и природата, кој во својот состав содржи две одделенија – Одделение за екологија и Одделение за енергетска ефикасност, со своите активности се стреми да придонесе за спроведување на многуте еколошки и енергетско-

ефикасни проекти, а се со цел Општината Карпош и нејзините граѓани да добијат одлични услови и повисоки стандарди во областите екологија и енергетска ефикасност.

За одржување на јавната чистота, иако не е во нејзина законска надлежност, односно е во надлежност на ЈП Комунална хигиена – Скопје, Општината Карпош издвои значителна енергија и голема посветеност со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена.

Во текот на 2020 година изградени се нови детски игралишта , како и поставена е нова најсовремена урбана опрема и дрвени реквизити.

Општина Карпош покрај одржувањето на јавното осветлување кое се врши во два реона (реон 1 – УЗ Карпош1,2,3,4, УЗ Влае 1, УЗ Злокуќани и УЗ Бардовци и реон 2 - УЗ В.Тасевски,УЗ Тафталиџе 1и 2, УЗ Кузман Јосифовски, УЗ Питу Пецо Божиновски Кочо, УЗ Влае 2 и УЗ Нерзи) беа поставени и нови линии и тоа ул Скупи 3А во населба Криви дол и на парингот кај Базаро во близина на Бул. Партизански одерди бр 106 со лед светилки.

Покрај изградбата на нови детски игралишта (изгрдени се две нови во Тафталиџе во близина на Партизански одреди и ул Иван Аговски 8 и 10 ), на постоечки детски игралишта им се заменуваа оштетени реквизити се со цел да има каде младата популација на општината да го поминува своето слободно време.

Општина Карпош во текот на 2020година засади 210 висококвалитетни дрвја на нови површини и изврши замена на старите и исушени дрвја. Исто така во тековнава година се посеани 1.800м2 нови тревни површини и паралелно на тоа се поставени и нови системи за полевање.

**Сектор за дејности од јавен интерес**

Преку програмските активности на одделението за детска, социјална и здравствена заштита, опфатени се сите категории граѓани, од најмлади до најстари, се со цел подобрување на живтот на граѓаните од општината.

За родителите на секое новородено/посвоено дете, кои ги исполнуваат критериумите од програмата, Општината обезбедува финансиски средства во износ од 4 000,оо денари. Во предучилишните организации за време на пандемијата во неколку наврати се дезинфицираа просториите, мебелот и дидактичкиот материјал кој го користат децата. Обезбедена е еколошка спортска опрема за градинките посебно наменета за одржување на дистанца помеѓу децата. Проектот за Инклузија на децата од ромската популација продолжи со активностите. Се реализираа и обуки за зајакнување на капацитетите кај професионалците за проблемите на деца со аутистичен спектар на нарушување , во предучилишните и училишните установи.
Оваа година не се организираа хуманитарни акции , но се обезбедија пакети за лицата /семејства кој се нашле во состојба на социјален ризик и граѓаните кои се погодени од пандемијата со COVID 19 вирусот. Пакетите се поделени во планираните термини по програмата во соработка и со голема поддршка на Црвениот Крст на Град Скопје и Карпош. Секако не беа заборавени и децата од СОС детско село што се наоѓаат на нашата територија како и штитениците од Старскиот дом „Мајка Тереза‘‘. Финансиската поддршка за лица/семејства кој се нашле во состојба на социјален ризик, лекување и или елементарна непогода се исплаќаше во тек на целата година. Проектот „Сите сме исти сподели среќа‘‘ заради пандемијата не се организираше со физичко присуство , но на лицата 154 лица со хендикеп им се доделена финасиски средства во висина 3 000,оо денари. Преку Советувалишниот центар на жртвите на семејно насилство се овозможуваше бесплатна правна помош, психо -социјална и друга поддршка спрема потребите на странката.

Заради настанатата пандемија дел од проектните активности не се реализираа или се реализираа во поинаква форма од планираната.

Спортот и културата имаат клучна улога за секое општество. Тие допринесуваат за социјална кохезија, надминување на предрасудите, зголемување на позитивната енергија врз јавното мислење и ширење на етичките и општите принципи. Затоа развојот на спортот и културата мора и се подржани и охрабрени и од локалната самоуправа на Општина Карпош.

Според донесениот план, динамика и активности за работа на Одделението за култура и спорт, за организација и реализација на предвидените проекти од дејноста спорт и култура, согласно усвоената програма од страна на советот на Општина Карпош за 2020 година, беа успешно започнати, организирани и реализирани следните проекти:

Училишни спортски игри Карпош 2020 година, каде земаа учество сите училишта кои се натпреваруваа во: фудбал, кошарка, ракомет и одбојка (девојчиња). Општина Карпош за сите учесници обезбеди спортска опрема (дрес и спортски гаќички), за професорите дневница од 500,00 денари по изигран натпревар, како и за судиите 400,00 денари по натпревар. Со организирање, пропаѓирање и промовирање на училишниот спорт сакаме кај учениците да го зајакнеме менталното физичко здравје, докажување на сопствениот талент на учесниците, како и спортско однесување на учениците и нивна социјализација.

Со стипендирањето на учениците спортисти од 8 и 9 оддоление од општинските основни училишта во Општина Карпош ги стимулираме младите за стекнување навики за занимавање со спорт, како и потикнување за постигнување на подобри спортски резултати на државно и на меѓународно поле. Стипендиите се поделени во две категории прва категорија од 3.000,00 денари и втора категорија од 2.500,00 денари. Доделувањето на стипендиите се врши по претходна постапката по оглас која се спроведува според претходно утврдени услови и критериуми.

Финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош, е постапка која ги опфаќа спортистите кои не се опфатени со програмата за спорт и локалната самоуправа доделува еднократна финансиска подршка до 30.000,00 денари. Оваа постапка ја спроведува комисија составена од пет члена.

Исто така Општина Карпош преку јавен повик, објавен во ноември 2019 година ги повика здруженијата на граѓани да апицират и поднесат проекти од обласата на спортот кои беа имплементирани во програмата за спорт за 2020 година. Од поднесените апликации беа одобрени следните проекти**:** Субвенционирање на ски училиште за време на зимскиот распуст за учениците од основните училишта на територијата на Општина Карпош, Фудбалски меморијален турнир **-** Тоше Проески, Делфините од Карпош пливат, Меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол, Трофеј Карпош 2020 и Активности и ориентација во природа.

Што се однесува до дејноста култура за 2020 година Општина Карпош го реализира само проектот Еднократна финансиска поддршка за културни активности.
Активности, односно проекти кои не се организирани и реализирани од програмата за дејност спорт за 2020 година, поради светската пандемија COVID - 19 (Корона вирус) се: Трофеј Карпош 2020, Меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол, Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош и Спортско рекреативни игри на пензионерите

Целта на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот на образованието, како и условите за работа. Активностите за унапредување на образованието се насочени кон подобрување на условите за изведување на редовна настава и слободни активности на учениците.

Општина Карпош за да им помогне на своите жители, субвенционираше ужинки (50%) за учениците од 1-9 одделение за јануари и февруари и за учениците од 1-3 одделение за периодот октомври- декември, бидејќи во време на ковид-пандемија само овие ученици следат настава со физичко присуство.
Исто така, Општината обезбеди и превоз за учениците, чие што место на живеење е подалеку од 2 км од училиштето каде што учат. Периодот во кој беше реализиран превозот беше од јануари до март 2020 година и од октомври до декември 2020 година. Во меѓувреме учениците следеа настава од дома.
За најталентираните ученици од 8 и 9 одделение Општина Карпош додели 21 стипендија, од кои 14 се од прва категорија, во износ од 3.000 денари и 7 стипендии се од втора категорија, во износ од 2.500 денари.
Парична награда се додели и на најдобрите 10 првенци на генерација од сите 10 училишта на Општина Карпош, во износ од 10.000 денари на секој првенец.
На првиот училишен ден, 1 октомври 2020 година, за секое првачe Општината подари ранче со училишен прибор.
За Денот на Општината, 3 ноември, поради светската ковид-пандемија не се одржа манифестацијата Карпош има талент, само се објави конкурс за избор на три најдобри литературни и три најдобри ликовни творби. Паричната награда за прво место изнесуваше 6.000 денари, за второ место 4.000 денари и за трето место 2.000 денари.
Во проектот „Карпош за еднаквите во училиштата“ во периодот од јануари до март 2020 година беа вклучени вкупно 42 асистенти. Со цел да се реализира оваа активност и да бидат згрижени сите деца со попреченост во развојот, општина Карпош ги покри трошоците на 22 асистенти, а 20 асистенти паричните средства ги покри УНДП. Во периодот од октоври до декември 2020 година, УНДП исто така ги покри трошоците за 20 асистенти, а Општината за 8 асистенти.

Проекти од областа на образованието, кои не се реализираа поради ковид-пандемијата се: Хорскиот натпревар меѓу училиштата, Карпош има талент, Летниот одмор за 50 ученици од социјални семејства, Финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на образованието, како и проектите кои беа влезени во Програмата за образование, поднесени од надворешни физички и правни лица, организации, здруженија и сл.

**Сектор Односи со јавноста**

Одделението за односи со јавност, и покрај изменетите услови на работење за време на пандемија, во текот на 2020 година ја реализираше Програмата за работа одобрена од Советот на Општина Карпош.

Во изминатата 2020 година, врз основа на Програмата за работа, Одделението интензивно работеше на засилување на двонасочната комуникација со сите целни јавности, граѓаните како општа јавност, но и со сегментираните публики, со што придонесе за зголемување на транспарентноста, афирмација на работата на Општината како и на другите тела: Градоначалникот и Советот на Општина Карпош. Така, според сработеното од Програмата за 2020г., успеавме да ја зголемиме видливоста на Општината, Градоначалникот и Советот преку веб страницата и социјалните мрежи и тоа повеќекратно.
Сето тоа го реализиравме преку користење нови мултимедијални продукти: кратки видеа, анкети, флеш вести, креативи сл., кои беа пласирани преку социјалните мрежи и официјалната интернет страница на Општината како најупотребувани канали на комуникација.

Ефектите од работата на Одделениетo за односи со јавност ги постигнавме главно преку соработката со медиумите, но и воопшто, преку работење со новите социјални медиуми (во директен контакт со новинарите, преку ПР соопштенија, видео прилози и креатива на позначајни настани преку социјалните мрежи) кои пак, придонесоа за поголема препознатливост и афирмација на Општината воопшто и на нејзините институционални тела поединечно. Се разбира, поради „новата нормалност“ или специфичните услови на работа за време на пандемијата, во фокус ни беше дигиталната комуникација, но во ниту еден моимент не беше занемарена и комуникацијата преку калсичните медиуми. Поконкретно, издавањето на општинскиот магазин Карпош ИН, кој според содржините е наменет за сите возрасни публики, но како форма поприфатлив за повозрасните граѓани, кои се уште се доминантни во структурата на жители во Карпош. Сето тоа го постигнавме преку:

1. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)
2. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку претплата на три дневни весници: „Вечер “, „Слободен печат“, „ Нова Македонија “и „Фокус“
3. Унапредување на соработката со медиумите, преку закуп на медиумски простор за промоција на активностите, поради подобрување на рејтингот и транспарентноста на Општината
4. Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)
5. Мерење и анализа на перцепцијата за работата на Општината и Градоначалникот како институција
6. Издавање на општинскиот магазин „Карпош ИН“
7. Снимање на видео прилози
8. Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош и

9. Сервисирање на видео и фотоопрема

**Сектор за Развој**

Примарните активности од областа на локалниот економски развој во текот на 2020 година беа насочени кон реализирање на програмата од секторот, со цел засилување на ликалниот економски развој посебно во услови на пандемија.

Дел од активностите беа реализирани со невладиниот сектор, а дел во соработка со другите сектори од Општина Карпош.

Како и секоја година така и оваа, во соработка со Републичкиот завод за трансфузиологи и Црвениот крст на Македонија, организиравме две крводарителски акции, кои поради КОВИД 19, беа исклучиво само за администрацијата која работи во Општина карпош.

Пред почетокот на пандемијата бевме гости на дванаесетата по ред тортијата "Слатка мистерија", организирана од страна на Општина Бутел и Хуманитарната организација "Ангелчиња ХОА". На неа учество земаат 3 жители на Општина Карпош и една слаткара, каде не претставија со изработка на седум торти.

Исто така, поради пандемијата со неколку месечно одложување се случи и хуманитарното дефиле Drive for colon cancer awareness организиран од страна на од страна на Здружението на граѓани за поддршка на борбата против рак на дебело црево "ДФФЦА" , каде Општината издвои средства од буџетот.

Финансиска поддршка дадовме и на Здружението на граѓани Центар за поддршка и креативен развој Скопје кои започна со реализација на проектот "Започни го својот бизнис". Целта на проектот беше да се обучат 12 жени (кои во периодот на КОВИД 19 останале без работа), а се

жители на Општина Карпош, како да станат претприемачи.
Оваа година два проекти беа поднесени до Владата на Република Северна Македонија. И двата успеавме да ги добиеме и да ги реализираме во текот на 2020 година.
Станува збор за Проект за конзерваторски и реставраторски интервенции - замена на столарија и внатрешно уредување на конаците на манастирскиот комплекс Св.Пантелејмон во вредност од 6.000.000,00 денари, како и за Проектот промена на надворешна столарија во детската градинка "Мајски цвет" - Тафталиџе 1, во вредност од 1.500.000,00 денари.

**Сектор Подршка на Градоначалник**

Според Програмата на Одделението за заштита и спасување за 2020 година се изврши редовна дератизација во месец март и октомври во општината, урбаните и месните заедници, во основните училишта и детските градинки но поради новонастанатата ситуација со пандемијата повеќе пати се вршеше дезинфекција во сите објекти на подрачјето на општината.

За припадниците на Просторната единица за заштита и спасување на Општина Карпош во Центарот за обука на Црвен крст-Струга се вршеа редовни обуки и вежбовни активности за затворени и отворени води , се со цел стекнување на вештини за спасување на отворени води,стекнување на знаење во давање на прва медицинска помош, стекнување на знаеење и вештини за делување во случај на природни катастрофи за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.

Согласно Програмата на Одделението за месна самоуправа се организираа обуки на вработените од одделението, за активности во делот на унапредување на работата на урбаните и месни зедници, се со цел да се остварува подобра комуникација и да им се испорачуваат квалитетни услуги на граѓаните.

Како и во изминатите години, Одделението за информатичко комуникациска инфраструктура работеше согласно програмата за тековната година. Успеавме да се доближиме поблиску до граѓаните преку инсталација на одредени софтверски модули како и да ја овозможиме и олесниме автоматската обработка на податоци на вработените во нашата општина. Оваа одделение е во постојана комуникација со основните училишта бидејќи наставата оваа учебна година се одржува електронски.

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА СРЕДСТВАТА И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА

***ОПШТИ НАПОМЕНИ***

Средствата и изворите на средства во сметководствената евиденција се искажуваат вредносно согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Врз таа основа, Секторот за финансиски

прашања во билансните позиции ги искажува долгорочните средства (градежни објекти и опрема) по набавна вредност, зголемена за ДДВ, издатоци за превоз и други трошоци при набавка. Исправка на вредноста (амортизација) се врши по праволиниска метода и започнува да се пресметува од првиот ден на наредниот месец кога набавените средства почнале да се користат.

Согласно Правилникот, Секторот за финансиски прашања ги евидентира долгорочните средства во самостоен сметководствен модул за евидентирање и следење на состојбата на долгорочните средства. При тоа, секое средство (градежен објект или опрема) поединечно вредносно се евидентира на кое се пресметува годишна амортизација и ревалоризација. Набавната вредност и промените на вредноста со кои се зголемува набавната вредност се основа за пресметка на амортизација на долгорочните средства, со примена на амортизациони стапки според Номенклатурата на годишните стапки за отпис на долгорочните средства на буџетите и буџетските корисници.

Состојбата на средствата искажна во сметководствената евиденција се усогласува со фактичката состојба утврдена со пописот на 31.12.2020 година. За таа цел, пописната комисија (определена со решение од градоначалникот) врши физичко пребројување на долгорочните средства и нивно запишување во посебни пописни листи. Комисијата, составува Извештај за констатираните разлики по пописот, со предлози за книжење на вишокот или расходот на вредноста на средствата, како и забелешки за лицата што ракуваат со основните средства и објаснувања за настанатите разлики. Извештајот на Комисијата за попис на средствата го разгледува Градоначалникот и го утврдува начинот на книжење на утврдениот вишок или расход на долгорочните средства. Средствата кои се трајно нефункционални и се ставени вон употреба се испишуваат од сметководствената евиденција и се оттуѓуваат со Одлука за отпис и оттуѓување на долгорочни средства донесена од Советот на општина Карпош.

## *ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА*

### ***<u>Градежни објекти</u>***

Во билансните позиции со состојба на 31.12.2020 година внесени се градежни објекти со кои стопанисува општина Карпош. Градежните објекти во книгата за попис се внесени според инвестиционата вредност, при нивна набавка или со завршување на изградбата.

Основа за запишување на градежните објекти во книгата за попис е вредноста на вложувањето (инвестицијата) искажана во градежните ситуации. Додека трае изградбата, овие објекти во сметководствената евиденција се водат на позицијата - Инвестиции во тек се до нивно завршување. По завршување на изградбата евидентно од приложена завршна ситуација и завршен извештај од надзорот со констатирана состојба за прием, во сметководствената евиденција објектите во изградба од Инвестиции во тек преминуваат во градежни објекти и се заведуваат со вкупната инвестирана вредност. Секоја дополнителна инвестиција во веќе изградениот објект ја зголемува набавната вредност односно револаризираната вредност на

објектот. На крајот на фискалната година, по констатирање на состојбата на градежните објекти, преку Извештај од Комисија за извршен попис, Секторот за финансиски прашања пресметува амортизација и ревалоризација на градежните објекти поединечно и известува за нивната сегашна (тековна) вредност на чинење.

Во книгата за попис на ден 31.12.2020 година е заведена следната состојба на градежни објекти со вкупна набавна вредност од 1.600.587.867денари на која е пресметана вкупна исправка на вредноста од 123.708.444 денари и сегашна (тековна) вредност од 1.476.879.423 денари. Вкупната тековна вредност на градежните објекти се состои од :

Табела 1: Градежни објекти сопственост на општина Карпош

| Назив | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| Деловни објекти (згради, урбани заедници, и др.објекти) | 217.266.447 | 24.786.286 | 192.480.161 |
| Градежни објекти (уредување на простор) | 1.383.321.420 | 98.922.158 | 1.284.399.262 |
| **Вкупно** | **1.600.587.867** | **123.708.444** | **1.476.879.423** |

*Извор: Сектор за финансиски прашања, книга за попис на градежни објекти на општина Карпош со состојба на 31.12.2020 година*

***Опрема***

Броењето на основните средства Комисијата го вршеше во полн состав при што се утврди дека, сите вработени кои располагаат и управуваат со основните средства (опремата) се задолжени во претходни пописни листи кои се потпишани од нив и од претходната пописна комисија. Основните средства кои се во употреба имаат соодветен инвентарен број, што ја олесни работата на Комисијата. При пописот на средствата Комисијата изготви нови пописни листи, изврши споредбена контрола со претходните пописни листи, а средствата на кои немаше инвентарен број ги заведе како новопронајдени средства со нов инвентарен број. Пописот се вршеше во присуство на вработените кои располагаат со основните средства. Секој вработен е запознаен со констатираната состојба што ја потврди со своерачен потпис на новите пописни листи.

При пописот на основи средства Комисијата констатира и во поединечните пописни листи внесе новопронајдени средства и за нив прикачи нов инвентарен број. Службениците кои располагаат со новонабавените основни средства се запознаени за одговорното ракување со истите, но и за висината на штетата која отпаѓа на терет на службениците доколку неодговорно ги ракуваат основните средства. Сите службеници, одговорното ракување со опремата ја потврдија со своерачен потпис на поединечните пописни листи. Посебната пописна листа беше земена предвид при споредба на фактичката со сметководствената

состојба. Во соработка со Секторот за финансиски прашања, од увидот во сметководствената документација Комисијата констатира дека сите новопронајдени средства кореспондираат со фактичката состојба и се набавени и платени од сметката на Општина Карпош.

При вршењето на пописот, Комисијата затекна основни средства кои се расипани, скршени и нефункционални односно истите се вон употреба и ги заведе во посебна пописна листа за расход. Комисијата констатира дека овие средства се нефункционални и дотраени, но не по вина на вработените лица кои ракувале со нив, и дека истите се нефункционални поради физичка дотраеност и техничка застареност па согласно приложените листи предложи истите да се расходоваат.

Во книгата за попис со состојба на ден 31.12.2020 година е запишана опрема со вкупна набавна вредност од 84.975.443 денари на која е пресметана вкупна исправка на вредноста од 75.084.879 денари и сегашна (тековна) вредност од 9.890.564 денари.

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПОБАРУВАЊАТА И ЗА ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ
## ЗА 2020 ГОДИНА

### *ОПШТИ НАПОМЕНИ*

Во текот на 2020 година општина Карпош ја продолжи активноста околу утврдувањето на износот на нејзините побарувања од одделните субјекти, како и на нејзините обврски спрема доверителите врз разни основи, настанати во тековната година и нивно евидентирање во сметководствената евиденција.

Со користење на расположливата документација, Секторот за финансиски прашања на општина Карпош ги евидентира и ажурира тековните побарувања и обврски на општината создавани во претходните и во минатата година, врз основа на веродостојни и вистинити сметководствени документи.

Притоа, за секој вид на побарување општина Карпош  воведе посебна книговодствена аналитичка евиденција, за секој комитент пооделно.

Сите констатирани побарувања и обврски на општина Карпош  заклучно со 31.12.2020 година се наведени во Годишната сметка, во овој извештај и во останатите извештаи што се составен дел на Годишниот извештај за работата на општина Карпош  во 2020 година.

### *ПОБАРУВАЊА*

Во 2020 година во сметководствената евиденција на општина Карпош  се прокнижени и

потврдени побарувања врз повеќе основи. Побарувања врз основ на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и физички лица, побарувања од продажба на градежно земјиште, побарувања од надоместок за утврдување на правен статус на физички и правни лица, побарувања од закупнини, побарувања од данок на имот на физички и правни лица, побарување за комунална такса за фирма и други кои имаат учество во приходите што ги остварува општина Карпош.

Од анализата на одделните побарувања на ден 31.12.2020 година евидентирани се следите нереализирани побарувања.

Табела 2: Побарувања - состојба на 31.12.2020 год.

| Ставка | Опис на побарување | Долговен износ |
|---|---|---|
| 1220 | Побарувања од закупнини | 2.767.167 |
| 122036 | Побарувања од купувачи на локации претпријатија на рати | 2.640.292 |
| 1221 | Побарување од комунални такси пред деловен простор | 243.180 |
| 122246 | Побарувања од правни лица за надомест за легализација на бесправно изграден објект | 647.358 |
| 122256 | Побарувања од индивидуални станбени објекти | 600.040 |
| 122266 | Побарувања за надомест на трошоци за уривање на објект | 575.659 |
| 1226 | Побарување на данок на имот од физички лица | 62.567.508 |
| 12261 | Побарување на данок на имот од правни лица | 17.224.545 |
| 122012 | Побарување за комунална такса за фирмарина | 59.143.589 |
| 128002 | Сомнителни и спорни побарувања | 572.952 |
| | Вкупни побарувања по сите основи | 146.982.290 |

*Извор: Општина Карпош, Сектор за финансиски прашања, Биланс на состојба на ден 31.12.2020 година*

***1220 - Побарувања од закупнини***

Општина Карпош издава деловен простор под закуп на правни лица и физички лица кои изразиле интерес за изнајмување на простор согласно нивните деловни потреби. За таа намена, општината има склучено договори за закуп на деловен простор со оние правни лица кои во претходна постапка за изнајмување на простор понудиле најповолна цена по метар квадратен. Согласно склучените договори за закуп, Секторот за финансиски прашања на месечна основа доставува фактури за закупениот простор. Во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2020 година заведени се побарувања од закуп на деловен простор, во износ од 2.767.167 денари.

***122246 - Легализација на бесправно изградени објекти***

Побарувањата врз основа на надоместок за легализација на бесправно изградени објекти од правни и физички лица во сметководствената евиденција се заведуваат врз основа на Законот за постапување со беспавно изградени објекти. Врз основа на Законот, Секторот за урбанизам за поднесените барања за легализација изготвува заклучок во кој се пресметува надоместокот за плаќање. Заклучокот се доставува до Секторот за финансиски прашања каде се отвара аналитичка сметка за секое побарување. Уплатите од физичките и правните лица се евидентираат и се следат на дневна основа за што се изготвува потврда за платен надоместок. Во сметководствената евиденција, заклучно со 31.12.2020 година е евидентиран вкупен долговен износ од 647.358 денари.

***122036 и 122256 - Надомест за уредување на градежно земјиште***

Побарувањата од правни и физички лица кои изразиле интерес да градат или доградат делови од колективен или индивидуален објект се евидентирани на сметката надомест за уредување на градежно земјиште. На крајот од извештајниот период (31.12.2020) евидентирани се вкупно 3.239.819 денари неплатени побарувања, кои произлегуваат од заеднички побарувања со Градот Скопје (сооднос 60/40).

***122266 - Побарувања за надомест на трошоци за уривање на објекти***

Побарувањата во износ од 575.659 денари се настанати врз основа на префактурирани трошоци за уривање на безправно изградени објекти. Побарувањата се пренесени од минатите години. Инспекциската служба на општината ги има откиено безправно изградени објекти (вон ДУП) и е издадено решение за нивно отстранување. Сопствениците на овие безправни објекти не постапија по решението од градежниот испектор, така што службите на општина Карпош пристапија кон нивно отстранување. Секторот за финансиски прашања ги евидентира трошоците за уривање на безправните објекти и истите ги пренасочи за наплата до секое лице, соодветно.

**Побарувања кои се делат помеѓу општина Карпош и град Скопје**

***1226 - Побарување на данок на имот од физички лица***
***12261 - Побарување на данок на имот од правни лица***
***12262 - Побарување за комунална такса за фирма***

Побарувањата за фирмарина и данок на имот од физички и правни лица, заклучно со 31.12.2020 година изнесуваат 138.935.642 денари. Овие побарувања во сметководството на општина Карпош се евидентирани на крајот од 2020година, според добиениот Преглед на заеднички побарувања од градот Скопје. Согласно Законот за град Скопје овие побарувања се делат помеѓу општината и градот во соодветен процент, а обврска за издавање на решенија и нивно следење по лице има даночната администрација на градот Скопје. Секторот за финансиски прашања единствено врши координација помеѓу обврзниците за данок на имот и градот Скопје при дистрибуцијата на даночните решенија и откривање на нови даночни обврзници.

Побарувањата за данок на имот во сметководствената евиденција на град Скопје се заведуваат врз основа на годишни решенија за данок на имот, кои пак, се изготвуваат според облогателна листа. Облогателната листа се ревидира на месечно ниво, зависно од промените на имотот на даночните обврзници, а се објавува на почетокот на календарската година и содржи податоци за тековната година. Во таа насока, во 2020 година во облогателната листа на општина Карпош регистрирани се вкупно 32.145 физички лица и 947 правни лица, обврзници за данок на имот. Даночниот долг за данок на имот на вкупно евидентираните даночни обврзници на територијата на општина Карпош, заклучно со 31.12.2020 година изнесува 62.567.508 денари долг на физички лица и 17.224.545 денари долг на правни лица. Побарувањата за комунална такса за фирма на 31.12.2020година изнесуваат 59.143.589 денари во кои е кумулиран долг за фирмарина од претходни години.

Заради подобрување на наплатата на горенаведените даноци и надоместоци, даночната администрација на Град Скопје започна процес на присилна наплата со која се опфатени и сите спорни и сомнителни побарувања.

***ОБВРСКИ***

На 31.12.2020 година, со користење на веродостојната расположлива документација, во сметководството на општина Карпош се евидентирани неплатени обврски по фактури и времени ситуациии на разни доверители за извршени тековни и инвестициски активности. Бруто евидентираните неплатени обврски на општина Карпош за 2020 година се евидентирани во вкупен износ од денари и се групирани во два вида на обврски и тоа, краткорочни и средночорочни .

Од анализата на одделните обврски, вкупно евидентирани и неплатени обврски на

општина Карпош на крајот од извештајниот период се според следниот редослед:
Табела 3: Обврски - состојба на 31.12.2020 год.

| Ставка | Опис на обврска | Долговен износ |
|---|---|---|
| 2200 | Добавувачи во земјата | 262.694.253 |
| 2250 | Добавувачи индивидуални лица | 4.055.453 |
| 2501 | Обврски за ДДВ | 34.139.063 |
| 2622 | Краткорочни обврски за кредит – Светска банка | 7.188.117 |
| 2810 | Обврски за нето плати | 3.993.256 |
| 2840 | Даноци од плата | 294.244 |
| 2850 | Придонеси од плата | 1.667.363 |
| 9200 | Обврски по долгорочен заем | 148.964.828 |
| | Вкупно обврски по сите основи | 462.996.577 |

*Извор: Општина Карпош, Сектор за финансиски прашања, Биланс на состојба на ден 31.12.2020 година*

***Краткорочни обврски***

Во групата на краткорочни обврски отпаѓаат обврските по основ на пресметана бруто плата на вработените на општина Карпош за месец декември 2020 одина во износ од 5.954.863 денари.

Обврските во износ од 266.749.706 денари спрема добавувачи и индивидуални лица исто така отпаѓаат на категоријата краткорочни обврски, но содржат и дел од долгорочните обврски. Оттука, краткорочните обврски во сметководствената евиденција се делат на тековно-оперативни и капитални обврски.

*Тековно оперативните обврски* заклучно со 31.12.2020година изнесуваат 64.524.665 денари. Овие обврски се настанати од редовно работење на општината. Тие ги сочинуваат обврските по основ на неплатени фактури за комунални услуги како електрична енергија и јавно осветлување, телефонија, прехранбени продукти, канцелариски материјали, членарини, огласи во дневни весници и др.

*Капиталните обврски* во износ 172.351.573 од денари се обврски кон добавувачи за отпочнати капитални инвестиции и акумулирани обврски за ДДВ во износ од 34.139.063 денари.

***Долгорочни обврски***

Долгорочни обврски на општина Карпош со состојба на 31.12.2020година се евидентирани на вкупен износ од 148.964.828денари.Дел од нив во износ од 31.271.156 денари отпаѓаат на Обврските по долгорочен заем одобрен од Светска банка, подзаем од Министерство за финансии за довршување на изградбата на сервисни и станбени улици на територија на опшптина Карпош . Останатиот дел во износ од 117.693.672 денари е долгорочен кредит во земјата, поточно заем од Комерцијална банка АД Скопје.

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**ВО 2020 ГОДИНА**

- Идентификација на акциите кои треба да се превземат за спроведување на предложените мерки;
- Одговорни лица за спроведување на активностите;
- Временска квартална реализација на активности;
- Предвидени средства за реализација и
- Идентификација на можни надворешни извори за финансирање.

За секој од предложените проекти за реализација се предвидува и план за набљудување и оценување кој ги содржи:

1. Очекување резултати;
2. Показатели и успех;
3. Фреквенција на следење;
4. Одговорно лице за набљудување и оценување на успешноста на реализацијата на мерките и акциите во ЛЕАП за Општина Карпош.

**Мерки и активности за реализација – табеларен приказ**

| **Тематска област: Воздух** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проблеми** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорни лица за реализација** | **Предвиден буџет (денари)** | **Време на реализација** | **Можни извори на финансирање** |
| Аерозагадување од домаќинства и индустриски капацитети (користење на цврсти, течни и недозволени горива за загревање) | Подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух преку промоција на алтернативни горива за затоплување | 1. Изработка на промотивен материјал за користење на алтернативни горива за затоплување и отварање на инфо центар | Сектор за екологија и енергетска ефикасност во рамки на проектот REPLACE | 50.000,00 | 2021 година Октомври | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | | 2. Кампања за зголемување на свеста на локално население за штетност од користење несоодветни суровини за загревање на домовите | Сектор за екологија и енергетска ефикасност во рамки на проектот REPLACE | 30.000,00 | 2021 година Октомври | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | Подигнување на јавната свест да не се користат недозволиви енергенси: отпадно масло, лакирани или обоени отпадоци од дрво и мебел, | 3. Мерки за вградување на обновливи извори на енергија во јавни објекти во согласност со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2021 година | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2021 година | Средства од надворешни донации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | стиропор, ПЕТ амбалажа и слично | 4. Набавка на мобилен инструмент за мерење на загадувањето на амбиентален воздух ($PM_{10}$, $PM_{2,5}$, $CO_2$, $SO_2$, $NO_2$, CO). Овој мобилен инструмент кој се развива преку фондот за иновации и веќе подолго време се тестира во општина Карпош ќе овозможи мерење на разни локации и детектирање на потенцијалните загадувачи | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и инспектор за екологија | 500.000,00 денари | Втора половина на 2021 година | Средства од буџетот на Општина Карпош и надворешни донации |
| | Евиденција на загадувањето на амбиентален воздух ($PM_{10}$, $PM_{2,5}$, $CO_2$, $SO_2$, $NO_2$, CO) | 5. Дополнување на Катастарот на загадувачи особено од стационарни извори на територија на општината што ќе претставува база на податоци за индустриските капацитети (местоположба, тип на активност, капацитет, услови во ИСКЗ дозволите) и емисиите кои се јавуваат од стационарни извори на загадувачки материи во воздухот и истовремено ќе обезбеди следење на емисиите на загадувачки материи во воздух од стационарни извори | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и консултантски компании | 300.000,00 денари | 2021 година Декември | Средства од буџетот на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатени се 5 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | Вкупно средства за реализација:<br>880.000,00 денари |

| **Тематска област: Отпад** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Недостаток на база на податоци за количините на отпад од правни субјекти и граѓани на годишно ниво | Пристап кон податоци за создавачи на сите видови отпад и начин на негово управување | 6. Дополнување на Катастарот на загадувачи на територија на општината што ќе претставува база на податоци за индустриските капацитети (местоположба, тип на активност, капацитет, услови во ИСКЗ дозволите) | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и консултантски компании | Без финансиски импликации | До крајот на 2021 година | / |
| | | 7. Подготовка на дигитализирана база на податоци | Одделение за екологија | Без финансиски импликации | Континуирано во 2021 година | / |
| Недостаток на примарна селекција на отпад на местото на генерирање од домаќинства и правни субјекти | Промовирање на пилот проект за сепарирање, рециклирање и реупотреба на одреден тип на материјал кој се рециклира | 8. Поставување на мали компостари во основните училишта и компостара во општината за компостирање на отпад од листови | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2021 година | Средства од надворешни донации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Појава на недозволено одлагање на отпад на јавни површини | Воспоставување на мониторинг и следење на состојба | 9. Едукација на населението за штетноста од појавата на ѓубришта | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2021 година Ноември | / |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатени се 4 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>Без финансиски импликации | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тематска област: Енергетска ефикасност** | | | | | | |
| Незаинтересираност и мал степен на познавање кај граѓанскиот и приватниот сектор за можностите и технологиите за користење на | Подигање на јавната свест и стимулација за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во домаќинствата, | 10. Кампања за зголемување на јавна свест за користење и градба на фотоволтаични системи за сопствени потреби на граѓаните за моќност до 4KW согласно Законот за енергетика и новиот Закон за ЕЕ | Одделение за енергетска ефикасност | 30.000,00 денари | 2021 година - во тек | Средства од буџетот на Општина Карпош |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| алтернативни извори за енергија | комерцијалниот и услужниот сектор | 11. Соработка со невладината организација Хабитат на следните проекти:<br>- **EXCITE -** Воведување стандарди за ЕЕ на локално ниво<br>- **ComAct** – Прилагодени мерки за намалување на енергетската сиромаштија во станбени згради<br>- **EnergyMEASURES -** Прилагодени мерки за подобрување на енергетската ефикансност кај енергетски ранливи домаќинства | Одделение за енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2021 година | / |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатен е 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>30.000,00 денари | | |

ул. Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 02 3055 933, факс: 02 3062 925
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

| **Тематска област: Климатски промени** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Појава урбани топлотни острови | Поттикнување на научни истражувања за анализа на влијание на климатски промени | 11. Кампања за подигање на свеста кај населението за бенефитот од примена на зелени фасади и зелени кровови за намалување на потрошувачка на енергија, намалување на температурата и топлотните острови во општина Карпош | Одделение за енергетска ефикасност | 30.000,00 денари | 2021 година Декември | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатен е 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>30.000,00 денари | | |

**Финансиски импликации**

Општина Карпош во рамките на својот финансиски и кадровски потенцијал, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и останатите општини во Град Скопје, вложува напори да го одржи и поправи нивото на квалитетот на животната средина. Во согласност со финансиските можности како средства во буџетот за реализација на овој акциски план во 2021 година се проектирани вкупно 1.000.000,00 денари. Овие средства ќе бидат искористени за најнеопходните мерки и активности што треба да ги превземе општината кои се дадени во текстот подолу.

За спроведување на предложените активности се предвидени следниве потребни средства:

1. Кампања за зголемување на јавна свест за штетноста од користење несоодветни суровини за греење на домовите ........................................................................................... 30.000,00 денари
2. Промотивни материјали за користење алтернативни извори за греење ........................................................................... 50.000,00 денари
3. Набавка на мобилен инструмент за мерење на загадувањето на амбиенталниот воздух .............................. 500.000,00 денари
4. Ажурирање на Катастарот на загадувачи ............................ 300.000,00 денари
5. Кампања за зголемување на јавна свест за користење и градба на фотоволтаични системи ........................................ 30.000,00 денари
6. Кампања за зголемување на јавна свест за бенефитот од примена на зелени фасади и зелени кровови ............... 30.000,00 денари

Вкупно ................................................................................................. 940.000,00 денари

Набавката на мобилен инструмент за мерење на загадувањето на амбиенталниот воздух ($PM_{10}$, $PM_{2,5}$, $CO_2$, $SO_2$, $NO_2$, CO) во вредност од 500.000,00 денари ќе биде финансиран дел од општинскиот буџет, дел со средства од надворешни донации.

Овој Акционен план обезбедува успешна реализација на современиот приод при креирањето и спроведувањето на политиката за заштита на животната средина и планирањето на одржливиот развој кој не е можен без квалитетни, исцрпни и ажурни информации за изворите на загадувањето, за состојбата во животната средина и просторот, за техничко – технолошките решенија кои се на располагање и за економско – финансиските односи во фазите на инвестирање и реализирање на производство.

Поттикнати од законските обврски, но и свесни за состојбите со животната средина и желбата истата да се унапреди, Општина Карпош во континуитет ќе продолжи со спроведување на ЛЕАП-от како план на мерки и активности за решавање на проблемите во животната средина и зачувување на постојните природни убавини и релативно чиста животна средина.

**Број: 09-1392/8**
**Датум: 03.03.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Карпош**

1. Се објавува Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Карпош, донесен на педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 3 март 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1672/6**
**Датум: 04.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), член 35, член 36, член 37, и член 38 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош’ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020, 4/2021), член 154 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006) и член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Советот на Општина Карпош, на педесет и четвртата седница, одржана на 03 март 2021 година, донесе

**ДЕЛОВНИК**
**ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**Член 1**

(1) Со овој Деловник се уредуваат прашањата на постапката и начинот на работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Карпош (во понатамошниот текст: Партиципативно тело), како и други прашања од надлежноста на Партиципативното тело.

**Член 2**

(1) Цел на Партиципативното тело е да ги претставува интересите и интересните групи и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица., ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.
(2) Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистичките планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде даденот на стручна ревизија.
(3) Работата на Партиципативното тело е јавна.

**Член 3**

(1) Партиципативното тело се формира од страна на Градоначлникот на Општина Карпош, врз основа на член 35, член 36, член 37, и член 38 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на

Општина Карпош’ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020, 2/2021), член 154 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006) и член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20).
(2) Градоначалникот со Решение за формирање ги назначува сите членови на Партиципативното тело.
(3) Градоначалникот со Решение ги назначува Претседателот и Заменик претседателот на Партиципативното тело.
(4) Градоначалникот може со Решение да разреши членови на Партиципативното тело, како и да ги замени Претседателот и /или Заменик претседателот.

(5) Со секое Решение за изменување на структурата на Партиципативното тело, задолжително се констатира вкупниот број на членови настанат по измените од Решението.

**Член 4**

(1) Партиципативното тело има 11 членови.
(2) Моменталниот вкупен број на членови се констатира во секое Решение на Градоначалникот на Општина Карпош за формирање и/или изменување на структурата на Партиципативното тело.
(3) Членови на Партиципативното тело се :
- 3 членови на Комисијата за урбанизам на Општина Карпош, назначени со засебно Решение од страна на Градоначалникот на Општина Карпош. Секоја измена на составот на Комисијата за урбанизам се пресликува и во составот на Партиципативното тело.
- 3 членови-претставници од Урбаните и Месните заедници, на начин што повеќе Урбани заедници и Месни заедници да имаат заеднички член кој ќе ги претставува и истите се групираат според областа која е предемт на работа.
- 1 член - стручно лице вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа. Овој член се именува и разрешува за секој предмет (план) засебно.
- 2 члена – претставници од невладин сектор
- 1 член претставник на здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачејот на Општината што ке ги претставуваат различните групи граѓани,
- 1 член - стручно лице од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на Општината.
(4)Учеството на лицата вработени во Општина Карпош во Партиципативното тело е по службена долженост, а на лицата што не се вработени во Општината учеството е на доброволна основа.
(5) За работата на Партиципативното тело не следува надоместок.

**Член 5**

(1) За вклучување во работата на доброволно пријавените лица, Општината објавува јавен оглас најмалку еднаш на секои 4 (четири) години, кој се објавува на веб страната на Општина Карпош, како и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.
(2) Сите поднесени пријави се доставуваат до Комисијата од член 2 од Одлуката за давање согласност за објавување Јавен оглас за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош во областа на Урбанизмот.
(3) Доброволно пријавените лица чии што пријави се прифатени стануваат членови на Партиципативното тело.
(4) Доброволно пријавените лица кои станале членови на Партиципативното тело можат да го повлечат своето членство, за што писмено го известуваат Градоначалникот.
(5) Доброволно пријавените членови на Партиципативното тело кои нема да се одзиваат на повиците, не присуствуваат на седниците и не учествуваат активно во работата на Партиципативното тело можат да бидат разрешени од страна на Градоначлникот на Општина Карпош.
(6) Во случаите од став (4) и став (5) на овој Член, Градоначалникот изготвува Решение за изменување на структурата на Партиципативното тело.

**Член 6**

(1) Партиципативното тело работи на седници.

(2)
Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на секои 2 (два) месеци.
(3) Работата на Партиципативното тело е јавна.
(4) Седниците на Партиципативното тело ги свикува и со истите раководи Претседателот, а во случај на негова спреченост Заменик претседателот .
(5) Повиците за одржување на седницата, заедно со предлог на дневниот ред и материјалите за кои се расправа (планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија), се доставуваат до сите членови на Партиципативното тело најдоцна на 5 (пет) денови пред одржувањето на седница.
(6)На почетокот на секоја Седница се утврдува моменталниот вкупен број на членови на Партиципативното тело, а согласно последно изготвеното Решение од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
(7)Седницата на Партиципативното тело може да се одржи ако се присутни мнозинството од вкупниот број на членови.
(8)Партиципативното тело одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови.

(9)На седниците на Партиципативното тело можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот на Општина Карпош и Претседателот на Советот на Општина Карпош, без право на одлучување.

**Член 7**

(1) За работата на седницата на Партиципативното тело се води Записник.
(2)Записникот го води лице одредено од Претседателот или Заменик претседателот на Партиципативното тело.
(3) Донесените заклучоци и мислења од расправата се изготвуваат во писмена форма.
(4)Примероците од материјалите од ставовите (2) и (3) на овој член се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Сектор за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 8**

(1) Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на Советот на Општина Карпош на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички планови, донесување на урбанистички план, донесување на Годишната програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Карпош и усвојување на Извештај за состојбите со просторот.
(2) На седниците на Советот, Партиципативното тело има право да ги презентира своите мислења.
(3) Презентирање на мислењата на Партиципативното тело на седниците на Советот на Општина Карпош, по правило ги врши Претседателот на Партиципативното тело или во случај на негова спреченост Заменик претседателот.
(4) Во случај на различни мислења помеѓу членовите на Партиципативното тело и членовите чии мислења и заклучоци не биле донесени со мнозинство на гласови од страна на Партиципативното тело или кои не се согласуваат со донесените мислења и заклучоци од страна на мнозинството на членови, имаат право да присуствуваат на седниците на Советот на Општина Карпош и да ги презентираат своите мислења.

**Член 9**

(1) Претседателот на Партиципативното тело е назначен од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
(2) Претседателот на Партиципативното тело:
- Ја координира работата на Партиципативното тело,

- Ги свикува седниците на Партиципативното тело,
- Го утврдува дневниот ред на седниците на Партиципативното тело,
- Ги презентира мислењата и заклучоците на Партиципативното тело пред Градоначалникот и пред Советот на Општина Карпош.

**Член 10**

(1) Заменик претседателот на Партиципативното тело е назначен од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
(2) Во случај на времена спреченост на Претседателот, Заменик претседателот на Партиципативното тело ги извршува сите работи од надлежност на Претседателот, се до престанување на спреченоста.

**Член 11**

(1) Овој Деловник за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Карпош го донесува Советот на Општина Карпош, а согласно одредбите на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 32/20).
(2) Изменувањето и дополнувањето на Деловникот се врши на начин и постапка што важат за неговото донесување.
(3) Деловникот за работа и неговите изменувања и дополнувања се објаснуваат во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-1392/9**
**Датум: 03.03.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за објавување Јавен оглас за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош во обласа на Урбанизмот**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување Јавен оглас за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош во областа на урбанизмот, донесена на педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 3 март 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1672/7**
**Датум: 04.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), член 35, член 36, член 37 и член 38 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 4/2021) а во врска со член 46 од Законот за урбаниситчко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020), Советот на Општина Карпош, на педесет и четвртата седница, одржана на 03 март 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за објавување Јавен оглас за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош во областа на урбанизмот**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош во областа на Урбанизмот.

**Член 2**

Постапката за избор на членови во Партиципативното тело во областа на урбанизмот ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош и ќе достави предлог до Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Карпош.

Комисијата да биде составена од (5) члена , од кои два члена од Советот на Општина Карпош на предлог на Комисијата за прашања на верификација на мандатни прашања, избори и именувања и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош.

За членови во комисијата од редот на членовите на Советот на Општина Карпош се именуваат:
- Филип Даскаловски - член на Советот на Општина Карпош
- Тони Јаревски - член на Советот на Општина Карпош

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од редот на членовите на Советот на Општина Карпош ќе именува 3 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош.
Комисијата, за својата работа изготвува Извештај кој го доставува до Градоначалникот на Општина Карпош, со предлози за членови на Партиципативното тело во областа на урбанизмот на Општина Карпош.

**Член 3**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заитересирани физички лица, претставници на невладините организации од различните сегменити на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на Општина Карпош што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на урбаното и руралното подрачје на Општината.

Критериуми за избор:

**ЗА ПРАВНИ ЛИЦА**

Заинтересираните правни лица кои се пријавуваат треба да ги исполнат следните услови:

- Правното лице да е регистрирано со седиште во Општина Карпош, доказ тековна состојба издадена од ЦР на РСМ
- областа на дејствување или регистрираната дејност да е во корелација со урбанистичкото планирање.

**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

Заинтересираните физички лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Доказ за жителство на Општина Карпош
- Кратка биографија и
- Мотивациско писмо со образложение на причините и начинот со кој врз основа на личниот допринес во однос на урбанистичкото планирање на територија на Општина Карпош, кандидатот ќе допринесе со својата партиципација.

**Член 4**

Огласот за пријавување трае 30 дена од денот на објава на веб страната на Општина Карпош и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место.

**Член 5**

Се задолжува Комисијата од член 2 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош во областа на Урбанизмот и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлози за членови во Партиципативното тело на Општина Карпош во областа на Урбанизмот.

**Член 6**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе решенија за именување на членовите во Партиципативното тело во областа на урбанизмот на Општина Карпош.

**Член 7**

Останатите поединости и прецизирања на условите, ќе бидат објавени во јавниот оглас.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-1392/10**
**Датум: 03.03.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активнсоти во врска со основните училишта на Општина Карпош бр.09-5055/4 од 04.07.2019 година**

1. Се објавува Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активнсоти во врска со основните училишта на Општина Карпош бр.09-5055/4 од 04.07.2019 година, донесена на педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 3 март 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1672/8**
**Датум: 04.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 10 и член 62, член 64, и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002); а во врска со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северена Македонија“ бр.101/19 и 275/19) и Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активнсоти во врска со основните училишта на Општина Карпош бр.09-5055/4 од 04.07.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.12/2020), Советот на Општина Карпош, на педесет и четвртата седница, одржана на 03 март 2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за престанување на важење на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активнсоти во врска со основните училишта на Општина Карпош бр.09-5055/4 од 04.07.2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош бр.09-5055/4 од 04.07.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.12/2020).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-1392/11**
**Датум: 03.03.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 3 март 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1672/9**
**Датум: 04.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02); член 13 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/19) и член 158, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.116/19 и 229/20), Советот на Општина Карпош, на педесет и четвртата седница, одржана на 03 март 2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територијата на Општина Карпош**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа одлука се определува начинот и условите за стекнување средства од давање на користење училишен простор во општинските основни училишта, чиј основач е Општина Карпош (во натамошниот текст општински основни училишта), како и намената на остварениот надомест.

### Член 2

Под училишен простор, во смисла на оваа одлука се подразбира просторот чиј корисник е општинското основно училиште, а се наоѓа во објектот на училиштето или во рамките на градежната парцела (дворно место).

### Член 3

Општинските основни училишта училишниот простор можат да го даваат на користење, под услови и начин утврден со закон и со оваа одлука.

## УСЛОВИ ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ УЧИЛИШЕН ПРОСТОР

### Член 4

Училишниот простор може да се дава на користење на правни и физички лица, за определен период, во определени термини (по час) или по метар квадратен, врз основа на проценета вредност согласно Закон за процена, како и други зконски и поздаконски прописи и акти.

### Член 5

Предмет на користење може да биде следниот училишен простор:

1. Дворно место,
2. Отворени спортски терени,
3. Простории кои се во функција на наставата:

- Спортска сала,
- Кабинет,
- Училница и
- Медоитека

4. Други објекти и простории:

- Училишен хол
- Училишен базен,
- Свечена сала,
- Училишна кујна,
- Просторија што не е во функција на наставата,
- Подрум, гаража и други помошни простории

**Член 6**

Училишниот простор може да се дава на користење само доколку:

- Просторот, во времетарењето-терминот на издавањето, не ја попречува фунцијата, текот и квалитетот на воспитно-образовниот процес,
- Употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците, како и на лицата што ќе го користат училишниот простор
- Намената заради која се користи просторот не доведува до негово оштетување и
- Користењето на просторот да е во согласност со законската реулатива од областа на заштита на животната средина.

**Член 7**

1) Училишниот простор се дава на користење со пат на оглас со прибирање на писмени понуди, врз основа на одлука на училишниот одбор.
   Училишнито простор даден во закуп не може да се дава во подзакуп.
2) Одлуката од став 1 на овој член содржи:
- Дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се дава на користење,
- Намена на просторот што ќе се користи,
- Времетраење и начин на користење на просторот (по час-термин или м2)
- Почетна цена на надоместокот на огласот за избор на најповолна понуда,
- Употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците и на квалитетот на воспитно-образовниот процес и
- Други прашања во врска со давање на користење на училишен простор
3) Кога училишен простор се издава за подговтовка на топол оброк и ужинка за учениците, како критериум за избор на најповолна понуда, покрај висината на надоместокот за закуп на просторот, задолжително се зема предвид и цената и квалитетот на услугите за исхрана на учениците, кои корисникот не може еднострано да ги менува во текот на траење на договорот,
4) Одлуката од ставот 1 на овој член, пред нејзиното огласување, подлежи на согласност од Комисијата за давање согласност и проверка на донесените одлуки на училишниот одбор за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територијата на Општина Карпош,

5) Комисијата за давање согласност и проверка на донесените одлуки на училишниот одбор за давање на користење на училишен простор и спроведување на други активности во врска со општинските основните училишта од територијата на Општина Карпош-Скопје е составена од претседател, два члена и нивни заменици кои ги избира Советот на Општина Карпош-Скопје, пред почетокот на учебната година.

**Член 8**

Постапката по јавниот оглас за избор на најповолна понуда ја спроведува училишна комисија за јавни набавки формирана од училишниот одбор на општинското основно училиште.

**Член 9**

1) За просторот или терминот на давање на користење училишен простор, училиштето и корисникот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.
2) Договорот за давање на користење училишен простор и Договорот за организирана исхрана се склучуваат во 4 примероци и истите особено содржат:

- Страни на договорот,
- Предмет на договорот,
- Намена за која се користи просторот, (за Договорот за давање на користење училишен простор)
- Времетраење на користење,
- Цена и начин на плаќање,
- Обврски на корисникот согласно намената на договорот,
- Обезбедување на побарувањата од договорот,
- Услови за раскинување на договорот,
- Други прашања од значењето на реализација на договорот.

**НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ**

**Член 10**

Училишниот простор може да се дава на користење за следната намена:

- Настава,
- Спорт и рекреација,
- Културни и други манифестации,
- Угостителски услуги за прехранбени производи-исхрана на учениците за настава со продолжен прстој и други дејности од мал обем, под услов да не пречи на наставата и да се исполнети законските услови за вршење на тие дејности и согласно позитивните прописи за заштита на животната средина.

**Член 11**

Доколку за користење на училишниот простор кој се издава под закуп се потребни согласности-дозволи од страна на надлежни органи, корисникот (закупецот) е должен на своја сметка да ги обезбеди истите.

**Член 12**

Доколку училишниот простор се користи со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истите се во функција на намената за која просторот се дава на користење (настава, спорт и рекреација, културни и други манифестации), корисникот е должен да положи депозит за покривање на претпоставената штета.

**ВИСИНА НА ЦЕНАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР**

**Член 13**

Висината на надоместокот за користење на училишниот простор може да се утврдува во евро/м2 или евор/час, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, врз основа на проценета вредност согласно Закон за процена и други зконски и поздаконски прописи и акти.
Вредноста на недвижната ствар од ставот 1 на овој член ја определува овластен проценител, согласно Законот за процена како и врз основа на други законски и подзаконски прописи и акти, со примена на компаративна метода, согласно микролокацијата на објектот и други погодности согласно условите на пазарот на недвижности.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР**

**Член 14**

1) Договорите за давање на користење училишен простор (училници, кабинети, холови, помошни училници, магацински простор, подрум, гаража, фискултурна сала, училишен двор) се склучуваат на 1 година. Исклучок од ова правило може да се јави во ситуации предизвикани од вонредни состојби (природни непогоди, епидемии и друго), врз основа на што договорите може да се склучат и за период подолг од 1 година.
2) Договорите за давање на користење на училишните кујни и трпезарии се склучуваат на 2 години. Исклучок од ова правило може да се јави во ситуации предизвикани од вонредни состојби (природни непогоди, епидемии и друго), врз основа на што договорите може да се склучат и за период подолг од 2 година.
3) По исклучок од став 1 и став 2 од овој член, доколку користењето на просторот е поврзано со вложувања од страна на корисникот, во износ од најмалку 5000 евра во денарска пртиввредност сметано според средниот курс на народна банка на република Северна Македонија, договорите за користење може да се склучат и за подолг временски период, но не повеќе од 5 години. Исклучок од ова правило може да се јави во ситуации предизвикани од вонредни состојби (природни непогоди, епидемии и друго), врз основа на што договорите може да се склучат и за период подолг од 5 година.
4) За вложувања од страна на корисникот кои бараат времетраењето на договорот да изнесува повеќе од две години, потребна е писмена согласност од градоначалникот на општината.

**НАМЕНА НА ОСТВАРЕНИОТ НАДОМЕСТ**

**Член 15**

Средствата оствaерни по основ користење на училишен простор се користат наменски и ќе се распределуваат за следната намена:

- Подобрување на условите за воспитно-образовната дејност на училиштата,
- Финансирње на проекти за унапредување и модернизација на воспитно-образовниот процес,

- Набавка на училишен материјал,
- Тековно или инвестиционо оддржување и надоместување на режиски трошоци за комунални услуги.

**НАДЗОР**

**Член 16**

Надзорот над спроведувањето на оваа одлука го врши Комисијата за давање согласност и проверка на донесените одлуки на училишниот одбор за давање на користење на училишен простор и спроведување на други активности во врска со општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош-Скопје од член 7 став 4 и став 5 од оваа одлука.

Комисијата за давање согласност и проверка на донесените одлуки на училишниот одбор за давање на користење на училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта од територијата на Општина Карпош-Скопје има право и должност да го следи спроведувањето на Одлуката за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територијата на Општина Карпош, да дава мислења и сугестии за нејзината примена, како и да превзема други потребни мерки за нејзина оперативна реализација.

За превземените мерки и активности за реализација на Одлуките за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територијата на Општина Карпош, Комисијата за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со општинските основни училишта поднесува извештај до Советот на Општина Карпош.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 17**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Карпош.

Со влегување на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош бр.09-5055/4 од 04.07.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 12/2019).

**Број: 09-1392/12**
**Датум: 03.03.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за поништување на Одлуката за давање согласност за започнување постапка за издавање под закуп на училишен простор (училници, холови, продавници, магацински простор, помошни училници, подрумски простори и друго) на општинските основни училишта од територија на Општина Карпош за учебна 2020/2021 година**

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за давање согласност за започнување постапка за издавање под закуп на училишен простор (училници, холови, продавници, магацински простор, помошни училници, подрумски простори и друго) на општинските основни училишта од територија на Општина Карпош за учебна 2020/2021 година, донесена на педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 3 март 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1672/10**
**Датум: 04.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

